Клучни резултати од анкетното истражување за состојбата со корупција во 2019 година

Помеѓу 16 и 28 јануари 2019 г се направи теренско анкетно истражување на 1004 испитаници како репрезентативен примерок на полнолетното население во земјата. Анкетата е спроведена од Брима а резултатите се пондерирани според демографски обележја.

Корупцијата е широко распространета пракса, земајќи ги предвид изјавите на испитаниците. Најмалку секој петти испитаник пријавил дека има блиско лице кое морало да даде подарок, мито или да фати врска во следниве области: образование, судство, полиција, при вработување или обезбедување на здравствена услуга. На почетокот на 2019 година, состојбата била најмногу изразена во здравството а најмалку изразена во образованието и судството.




Ги прашавме испитаниците, на скала од 1 до 10 да оценат колку постои подмитување и фаворизирање во следните области. Очекувано, со просечна оценка 8 највисоко котира вработувањето во државни институции а веднаш потоа следи царината, судството, дозволите за градба и јавните набавки. Од сите 12 области, не постои област каде просечната оценка е под пет,

а најниско котираат државната помош за земјоделците и сместувањето во студентски домови со 6,6 и 6,5.




Од испитаниците кои имале искуство со долунаведените институции побаравме мислење за тоа колку е веројатно граѓаните да добијат соодветна услуга по регуларна процедура. За разлика од претходното прашање, овде даночните институции се едни од ретките за каде повеќе од половина од испитаниците тврдат дека е веројатно да се добие соодветна услуга. Образовните институции стојат најдобро, каде безмалку 60% од испитаниците рекле дека е веројатно да се добијат соодветни услуги. Како институции со најнизок скор се судовите, каде 34% од испитаниците кои имале искуство со овие институции рекле дека е веројатно да се добие соодветна услуга.




Ваквото искуство на граѓаните придонесува на широко распространетата перцепција дека во нашето општество ви се потребни врски за сенешто. Така, на скала од 1 до 10, 48% од испитаниците целосно се согласуваат со оваа изјава (оценка 10).




Овие резултати покажуваат втемеленост на перцепциите за распространетост на корупцијата. Овие перцепции не потекнуваат само од медиумското известување за корупцијата, туку, според испитаниците, се потврдени во нивното посредно искуство, односно искуство на нивни блиски лица.

Оттука, перцепциите се менуваат со неуморна работа на институциите да превенираат корупција. Низ развиени антикорупциски механизми на ниво на институции и спроведување на правила ќе се намалат ризиците од појавување на корупција. Меѓутоа, најважно е да се подобри пријавувањето на корупција, особено од страна на вработените, бидејќи малкумината кои ги злоупотребуваат институциите за приватна корист, го уништуваат впечатокот за цели професии, како судии, полицајци, лекари, наставници или цариници.

* Овој документ е извадок од истражувањето спроведено во јануари 2019 во рамките на проектот „Јакнење на платформата за граѓански организации за борба против корупција" поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Ставовите изразени во овој документ му припаѓаат на авторот и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на САД.